ЛУБ "БЛАГОЈ ЈАНКОВ-МУЧЕТО" СТРУМИЦА
C 821.163.3-1
ВАСИЛЕВСКИ ИВАН
Црнорисци
100030684
COBISS



ИВАН ВАСИЛЕВСКИ

# ЦРНОРИСЦИ

СОВРЕМЕНА
МАКЕДОНСКА
ПОЕЗИЈА

За издавачот
Директор и главен
и одговорен уредник
МАРИЈА СТОЕВА

Уредник
БОРИС ЗЕКИРОВ

CIP — Каталогизација во публикација, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", Скопје

886.6 — 1

ВАСИЛЕВСКИ, Иван

ЦРНОРИСЦИ / Иван Василевски — Струмица; Центар за радио и новинско-издавачка дејност. — 64 стр.; 20 см. — (Современа македонска, поезија) — Моќта на молитвата

иван василевски

# црнорисци

Центар за радио и новинско-издавачка дејност
Струмица, 1990

# МОЌТА НА МОЛИТВАТА

Дали има, и каква е разликата меѓу крикот и молитвата!

Излегуваат ли овие два исклучителни чина од слични, блиски, или пак,од сосема различни позиции, од различни душевни состојби? За кој од нив ќе се определи човекот, кому од нив, како на дејствен поетски чин, би му се приклонил поетот? Овде изборот е направен, пригрната е молитвата и, веднаш да кажеме, направен е најдобриот можен избор, не само меѓу овие две можни точки, можни решенија, туку можеби и меѓу сите други што на поетот му стојат на располагање. Поетот знае, насетувал можеби Иван Василевски: го избере ли крикот, ќе значи тоа и признание дека сме во безизлез, дека пуштаме издив на очај, дека нè зафатил бес, нè подзела паника, и, што е најтрагично, сме го одложиле оружјето, го пуштаме последниот знак на наше присуство под ѕвездите на оваа земна сцена. Молитвата, пак, иако на прв поглед, и само навидум, се чини избор на послабиот, таа е всушност избор на мудриот и моќниот, на вистински храбриот, кој не вреснува сред немоќта, туку мудро ги одмерува сите околности и ја започнува молитвата бидејќи гледа светлинка на крајот од темниот ходник. Молитвата значи дебело верување во услишувањето, охрабрува дека сè не е загубено и покрај јасното сознание за состојбите. Оттука, Иван Василевски на цврсти темели ја поставил поезијата во својата најнова книга „Црнорисци", бивајќи длабоко свесен за експресивноста на молитвата и како животен и како тво-

речки чин, за нејзината проверка низ животот и низ историјата на уметноста, на духовниот пат на човекот. Молитвата не е знак на слабост, туку,освен на мудрост, знак е и на темелна промисленост пред бурите и невремињата. Таа сведочи за еден поинвентивен и попрониклив поглед на светското шаренило, поглед кој согледува дека сме поставени во една космичка, во една несогледлива позиција на подредени, на суштества кои, сакале или нè ќе мора да прифатат дека над нивните глави суштествува една непозната сила, едно врховенство, неговото височество крајот, нејзиното божество смртта, дека има, значи, црта до која ќе може да стаса и најхрабрата човекова храброст. Јасно е, значи, ќе мора да се бараат други патишта за решавање на клучните линии, и, особено, национални прашања и проблеми. Можеби се тоа, пред сè молитвата и песната, најдобро песната како молитва, молитвената песна, поетската, поетовата молитва.

Тоа е изборот и патот што го направил Иван Василевски и затоа е мошне заводлив и најнепосредниот почеток на неговата книга. Мојата храброст и мојата сила се во подготвеноста да се молам за спасот на најзначајното, имплицитно признавам дека болката е толку голема и трајна што сум готов на унижување на сопственото битие, на потиснување на личната гордост, само дајте излез, видело, чаре за сеопштата болка. Она што, пак, ја прави уште поекспресивна оваа постапка и оваа поезија е изборот на личностите, на великаните, на столбовите на нашата историја, на нашиот народ, на минатото. Се разбира, кого да повикаме на помош и на воскрес, кому да му се потпреме на крепкото раме, ако не на Климента, на Самоила, на Гоцета и на Марко Кралета...

Поезијата на Иван Василевски значи повик на семеен, на народен собир, на кој ќе ги прегледаме, намачкаме и преврземе раните, на кој дедото и внукот ќе си разменат збор-иљач, ќе си кажат реч што вознесува. Останува да се каже дека сето тоа е толку сугестивно, уверливо и впечатливо затоа што Иван Василевски, со редок усет и рафинман, со сигурни потези на искусен и многупати проверен творец, ја подзема оваа колку значајна толку и општа тема, ѝ дава свежина и одблесок, ја надахнува со светлината на поетската прав. Тоа придонесува овој голем собир на нашите историски великани да не ја направи пренатрупана, прегласна и неприродна поезијата на Иван Василевски. Сите тие се присутни во отсјајот на еден поткренат и возбудлив, на еден заводлив и просветлен, прочистен и избран македонски јазик, нивниот и наш најприроден дом.

Сето изречено, но во уште понагласена мера, се однесува и на вториот циклус во книгата „Семе и време", целина која е во уште поголема мера надахната и осветлена од милоста на поетското бидејќи се допира, бидејќи се потпира до буквата и словото, до писмото и духовната надградба, бидејќи се запатува по најкревките и најсуптилни, но најмоќни и најсигурни патишта за човекот, за духот. Трајноста на словото и на градбата, копнежот за што поблиското присуство на човековото дело до вечноста, е оној агенс што ја искрева оваа поезија до темата за преотвореноста, па оттука и за заканата, на вселеноста на човекот. Макро и микро, зрно и планета, човек и вселена-ете ги релациите што ги согледува и на кои укажува циклусот „Семе и време". Семката, тоа цуце на светската сцена, и нејзината храбра, дрска намисла да никнува, да се шири и распротира, да трае, да му се

спротивстави на времето, да го освои одвнатре и да му чекори упорито по патеката-тоа е крупното поетово сознание, изречено со уверлив поетски говор. И уште; кога сме веќе начисто за нашата вселенска позиција, всушност за нашата позиција во вселената, оставени сами наспроти безмилосното сознание за сопствената конечност, нели е тогаш најприфатливото решение свртувањето на погледот кон песната и кон убавината, спрема љубовта и жената и, конечно зошто не, кон пророштвото и кон судбината, кон смртта, која колку и да е закана и да застрашува, сепак е наше природно и блиско својство. Затоа, Иван Василевски ги започнува своите Слова, тие крупни парчиња поетски говор со моќно и замаено темпо, тие обиди за ретко поетско толкување на клучните прашања што ни се испречуваат на животниот и сознајниот пат.

Поезијата на Иван Василевски има едно навистина ретко и необично својство: успевајќи постојано да остане и да се остварува како поезија, таа ниту во еден миг не го напушта наумот да стане говор, исказ, соопштение. Некаква прифатлива рамнотежа успеал да пронајде поетот, да ги доближи говорот и певот, животот и песната, реченицата и стихот. Тоа придонесува истовремено оваа поезија и да ни пее и да ни соопштува. Постигнувајќи ја уметноста таа не се лишила од порака. Всушност, пораката е успешно вградена во певот. Ова може да значи само едно: во најновиот поетски ракопис Иван Василевски успеал на ретко импресивен начин да ги реши основните творечки проблеми и да ни понуди поезија која со задоволство и со радост ја поздравуваме во сè побогатата и поразновидна современа македонска поезија.

Санде Стојчевски

# МОЛИТВИ

## МОЛИТВА ЗА ДАРБАТА

Боже, вдахни ми ја дарбата
на старите мајстори,
да ја пресоѕидам
Света Богородица Елеуса,
да ги преподигнам
древните цркви и манастири,
да ги возобновам конаците,
да ги пренасликам
иконостасите и фреските.

Казни ме, господе,
да ги имам златните раце
на ѕидарите,
на резбарите,
на зографите
и фрескосликарите.

Тие црнорисци го оспорија
законот на природата
дека се' што е создадено
мора и да умре.

## МОЛИТВА ЗА КЛИМЕНТА

Господе, помилувај го Климента,
просветителот Охридски.

Овошките да ни ги прекалеми,
оти издржаа столетни суши,
болести и бурјани.

Нека прозрачи светата рака
на чудотворецот,
на краснописецот,
на векобудецот.

Тој мудрец,
што со словото Кирилово
ни ја озари душата,
срцето ни го исполни
со берби и жетви,
ни го проблесна умот.

Тој црноризец би ја спасил верата
милион години пред Христа.

Да би да прошета, боже,
Климент мироносецот
по земјата исконословенска,
која прва го имаше,
а последна го озакони
неговото слово.

Да ѕирне во секоја
училница и крстилница
и да ги препрочита
новите азбучници,
та дури отпосле,
тој светилник што допира
до ехото на ѕвездите,
нека ни суди за незнаење.

Белки пак ќе не' помилува
со јазикословие,
да не залутаме во темнина.

## МОЛИТВА ЗА СИЛЈАН ШТРКОТ

Дај му ги, боже,
крилјата на Силјан Штркот,
огништето да си го најде,
оти ако заборави да лета,
од родот си ќе се оддоми,
та татко чедо не ќе прежали,
а за жалот на сина си
не ќе дознае.

Дај, господе,
со Силјана да летаме заедно.

Тој назад да си се врати
на прагот татков,
а јас да се одметнам
преку диви гори,
преку води,
преку се' што било
и што иде,
кај што очи не ми гледаат.

Во скутот роден
тој гнездо човечко да свие.
Јас око птичје да отворам,
немирот да си го скротам.

## МОЛИТВА ЗА САМОИЛОВИТЕ ВОЈНИЦИ

Врати им ги, господе,очите
на војниците Самоилови.

Едно по едно.
На секои деведесет и девет-
двете
На стотиот-
едното.
Око по око-
на сите четиринаесет илјади.

Симни се, боже, во Водоча
и од куполите на Свети Леонтие
ѕирни во бунарите.
Ќе ги видиш слепците,
уште си ги мијат дупките очни..

Врати им ги, господе,
очите на војниците,
дечињата да си ги видат,
царот да си го оплакаат,
оти далеку им е престолот,
а блиску могилите.

Барем во мрак да не ги сонуваат,
моштите непокорни.

## МОЛИТВА ЗА МАРКО КРАЛЕ

Смогни му ја, боже,
силата на Марко Крале,
што му ја одзеде со измама.
Ти самиот ја создаде
легендата за него
и се исплаши да не го надмине
твоето боготраење.

Смилувај му се, господе,
на прилепчанецот
и врати му ја моќта
на тој Архимед,
што сакаше Земјата да ја подигне
со човечка рака.

Не убивај го пред време
сопственото дело
и не кажувај му ја вистината
на народот,
оти тој се' знае,
ама не може се' да види.

Врати ни ја, боже, верата
во силата на Марко Крале
и не плаши се за себе,
оти каде се чуло и видело
човек да биде посилен од бога.

# МОЛИТВА ЗА БОЛЕН ДОЈЧИН

Дигни го, господе,
Болен Дојчин од постела,
да погуби Црна Арапина,
од црна чума да не' куртули,
од прокуди да не' избави.

Векот ни обеле од кодоши,
од зулумџии и арамии.
Душата ни оцрне од грабежи,
од таксирати и касавети.

Скорни го, боже, Болен Дојчин,
наточи му сабја димискија,
подготви му коња некована,
стегни му кршни половини
со триста лакти платно небелено,
да исправи коски раскостени,
та да фрли тешка буздогана,
да сотре Црна Арапина.

Стани Дојчин
од срам да не' куртулиш,
стани образ да ни обелиш.

Бре, што народ бевме,
а што станавме!
Пукна резил до небеса.

## МОЛИТВА ЗА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Разбуди го, боже,
апостолот наш Гоце Делчев.

Нека стане од неспокојот,
оти разделбите ни се судбина,
а името и зборот прокоба.

Како просо не' расфрлија
по светот.
Птици без гнезда
не летаат во јато.
Воздухот ни го оградија,
водите ни ги ограбија.
Туѓи орачи меѓи ни подместија.
Гаврани ни го колват семето.

Разбуди го, господе,
црноризецот наш,
белки ќе не' утеши
дека и малку сме срекни
и дека духом сме заедно.

Да би да стане, боже,
апостолот наш Гоце Делчев,
за сите преграб да рашири
дома да не' собере.

## МОЛИТВА ЗА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА

Отвори ги, боже, портите
на Крушевската Република.
Да удрат камбаните!
Знамето да ги развее
нашите повици по светот:
Смрт или слобода!
Смрт или слобода!
Оти смртници сме родени,
а влеговме бесмртни
во храмот на слободата.

Да би да се соберат, господе,
конзулите битолски
и по урнекот на крушевчани
на светот да му ги пренесат
уроците за република.
Времето да се прекрсти
пред Мечкин Камен,
во Шумата на хероите,
и да го освети востанието.

Боже, востани ги бајрактарите
на Македонската Република.
Слободата да зачекори
по калдрмите на Крушево.
Отвори им го Манифестот
на Македонците,
на Муслиманите,
на Власите,
на браќата по мака и по судбина,
та отпосле да го заклучаме
печатот на векот.

## МОЛИТВА ЗА МОЌТА

Дај ми господе моќ
да дувнам во кавалите,
во гајдите,
во зурлите,
да удрам во тапаните.

Да викнам,
да се провикнам,
да се чуе боже до сонцето!

О, да ми е грло
со два гласа,
да запеам,
до ѕвездите да се огласам.

Дај ми, господе, силна реч,
да би да испеам
единствена песна.
Да ја учат наизуст
племиња и народи,
птици и ангели.

Да пукнам од раат,
да се распукнам!

## МОЛИТВА ЗА ПРЕТПАЗЛИВОСТА

Господе, чувај ме од пријатели,
од оние што арно виделе
ама со добро не мислат да вратат.
Од тие што се завидливи,
лицемерни и пакосни,
од дрски умилкувачи,
од другари прокудници.

Чувај ме боже од роднини,
од оние што се ненаситни,
напасни, алчни и цинични,
по душа расипани,
та не можам да ги препознаам.

Боже, заштити ме од некадарни,
од тие без образ а со многу лица.
Тргни ми ги од патот,
та дните да не ни се срекаваат.
Штом еднаш се огрешиле
да не би да ме бараат,
штом редум сум ги намразил
да не би да ги барам.

Господе, свет ли нема веќе,
или така било
од векутума века?

# МОЛИТВА ЗА МЛАДОСТА

Дај ми, боже, уште една младост,
да си ги соберам во бовча
ноќите и дните.
Спаси ми ја силата
и чувај ми го умот.

Да би да се родам по вторпат
пред други наречници.

Да можам да приѕирнам
и напред и назад,
гревовите да си ги измерам,
добрините да си ги пребројам.
Патот што го поминав
со нов чекор да го одам.

Врати ми ја младоста, боже,
да би да израсне во мене
млад сердар бојлија.
Штом рака ќе затрепери
тој стисок да врзе!
Штом духом ќе паднам
тој да се извиши,
до ноќите,
до утрата,
до светлината!

## МОЛИТВА ЗА НАДЕЖТА

Се' така си чекам, боже
да дојде нова пролет.
Нема белки да е доцна
за покај се душо.
Ајде, отвори ги небесата,
та човештвото да се ослободи
од стравот,
а божествата од очајот,
и не ветувај ни задгробност,

Господе, се' нешто си чинам
од негде ќе се раздени,
ќе осамне нова ѕвезда,
Немој пак да не' намразиш
и виделото од видот
да ни го разлачиш.
Нели, славата ќе беше твоја,
а моќта наша!

Се' боже, си мислам
дека минливото е вечно,
а вечноста празна!
Дај, одземи малку
од твоето боговско траење,
и придодај троа бесмртие
на смртноста човекова,
Ако разумот ни е конечен,
барем душата да ни биде
безгробна и безвремена.

# СЕМЕ И ВРЕМЕ

# СЛОВО ЗА СЛОВОТО

1

Алфа, Бета, Гама!
Пред бога и по Адама
словото се размножува.
Во времето семе,
од семето време!
Жило е на денот,
а на ноќта жарило.
Благослов на светот,
што светот го пресоздава.

Нека му е слава!
Нека му е слава!

2.

Најпрвин би словото,
и отпосле пак слово.
Пред словото,
би друго слово.
Се' така,
пред словото слово.
Како семе фрлено,
во непознато време.

Господе,
колку ли сло̀ва сме имале,
а останавме слепи!

3.

Аз, Буки, Веди,
Глаголи, Добро, Ест!

Нека ни е словото око,
и светлина и совест,
и корен и разум,
што се вкоренува длабоко.
Словото нека ни е слово.
Мудрост е во просторот
што просторот го обликува.
Од новото старо,
од старото ново!

4.

Пред стада од божји измами
Вавилон зборува:

Словото ви го замрсувам
да се мразите
и да не се разбирате.
Од своите слова да ослепувате,
туѓите да ги газите.
Браќа да не се ословувате
и ближни да не се познавате
По разум да сте отуѓени
и проклети по срце.
Од Санскрит до Кирилица,
од Алфа до Ужица!

5.

Боже, дај ни го словото
Богословено, благословено,
праисториско, историско, блиско.

Дај ни го благовесно, благдано,
блажено, благородно, човекољубно,
попадиско, попско, архиепископско.

Дај ни го пречистено, причестено,
закопано, ископано, прочитано,
печатено, ракописно, ракотворно.

Дај ни го пофално,
црковно, световно, берикетно,
плодоносно, цветно.
Словото Кирилометодиевско,
Климентово.

Боже, дај ни го словото,
какво и да е нека е,
само да е слово!

## СЛОВО ЗА СУДБИНАТА

1.

Толку столетја пречекоривме,
а лицето не ти го откривме.
Зад нас времето е просјак,
празни му се очите,
душата глува.
Пред нас бронзен рицар
ја вјаса иднината.

О, господе,
толку ли беше себичен,
та траењето ни го затвори
во ковчег од години и ноќи?
Дај, нека стражари метузалем
пред влезот на будењето,
барем сонот да ни биде вечен.
Го испивме бунарот на векот.

2.

Умот ни боледува
за бескрајни предели,
за недооди, недогледи,
за безгранични светлини,
за времепловни зори.
Умот ни е омеѓен
со почетоци и краеви,
со граници, линии, кругови,
со ѕидови и гробници,
со омрази, разделби, неспокои.

Умот ни е заразен
со хронично богохулење.
Леле, зарем не сме сите,
и зарем не сме сè?

О, зарем не сме засекогаш,
во сета невидлива супстанца
што се соединува со бога!

3.

Вечнаја памјат пирамиди,
мртви, безимени, крстени,
иноверни, богомолци, безбожници,
војсководци, џелати, грешници,
јазикословци, ракотворци, боеми!
Вечнаја памјат!

Вечнаја памјат ридови,
живи, закопани, исчезнати,
јадигари, бедни, заљубени,
доброчинители, сираци, старци,
просјаци, војници, скитници!
Вечнаја памјат!

Вечнаја памјат иднини,
неродени, чедни, праведни,
заточени, робови, слободни,
покорени, смели, бунтовници!
Вечнаја памјат!

## СЛОВО ЗА ВСЕЛЕНАТА

1.

Алфа Кентаури,
Бета Кентаури!
Тука се разделуваме
во друга геометрија.

Прарожбеничке, мајко,
како во црна дупка
останавме сами,
напуштени и очајни.
Кажи ни ги зборовите
што ќе ги стасаат светлините.
На софрата среде просторот
вечераат зелени ниви.
За никого не знаеме,
а којзнае дали и за нас знаат
во други галаксии
и метагалактики?
Не' зароби во темни огледала.

2.

Врати се, свештеничке,
во својата атомска точка,
оти не ќе ни помогнат
ни светлински кочии,
ни бродови од тахиони,
ни летови со умот.
Молитвите наши шетаат
по безбрежни слики!

Прати ни некого за утеха,
белки ќе арнисаме од ползење.
Отвори го кафезот,
ајде, избави не' нас баксузи
дури не исчезнале
нашите востанија и резби,
дури не се избришале
нашите пожари и градби,
дури не свенало лицето
на божјите ракотворби!
Ајде, избави не' од прогонот
на ова безвремено време!

Алфа Кентаури,
Бета Кентаури,
Оттаму што потаму?

3.

Ќе дојде и нашиот благден,
посестриме, јаловице!
Та не ќе векуваме во кулите
на генетскиот код!
Ако сме боговци
што го затнале потопот,
ќе го надвишиме
лелекот на сфингите
маршот на пирамидите!
Ќе го освоиме
походот на ѕвездите,
молкот на темнините!
Ќе го дофатиме
летот на светлините,
гробот на тишините!

Сирус А, Сириус Б!
Близни срно белки ќе летаме.

## СЛОВО ЗА СЛОБОДАТА

**1**

Во народот се озаконив
со љубов и клетва,
чунки моите робови се најприврзани.
Мноштва ќе ви посеам
во поплавите на громот!
Затоа посегнувам по огнот,
а пепел разгорувам.

Ви заповедав да влезете,
оти кругот е веќе затворен.
Да ме пратевте и на молитва
пак ќе бев почитувана и строга.
А сега ви велам бдејте,
оти ќе се роди востание.

Удрија молњи врз погачите!
Празнувајќи ќе ме оплакувате
и плачејќи ќе ме празнувате.
По бавчи, нивје и камења,
по сокаци, ѕидови и бачила,
в зори на рожби и в ноќи на свадби,
на соне и на јаве,
името ќе ми го резбарите.
Брат против брата си ќе стане,
чедата ќе си ги кодошите,
залакот ќе си го покаете!
Ќе секнат дните од предавства.
На секоја нива востание,
на секоја чешма могила!
Светот ќе споулави по мене.

2.

Со светлини ќе го оградиме
твојот безгробен дом,
а во мрак ќе ги ѕидаме
нашите тесни одаи.

Немој да ни влезеш преку оџак,
преку мутви,
низ некоја баџа од зад двори!

Немој да ни слезеш од таван!
Зарем не сме заслужиле,
кутри, да не' удостоиш
на широки порти да те осветиме?

Не кандила и свеќи
да горат до нашите крстови,
ами илјада сонца да не' ослепат,
да не те гледаме, а да те имаме
како призрак од бесмртие!

Во секое срце градина.

3.

Родот си го сонувам
на ѕвездени флоти,
а народот ми сардисан
сал бегалци оплакува.

Народот ми е осуден
за предавство на зорите
и тешко му е будењето!

На гозби и мртвени,
на лупенки и седенки,
на веселби и разделби,
бежанките го параат
везот на морето!

Збор без огниште не целива рани.

Црква да беше,
друга ќе соѕидавме
до бога висока!

Господе,
меѓу толку чеда,
дај, и мојот народ
нека биде избран!

## СЛОВО ЗА ДУШАТА

1.

Ме чекаат како гостинка
што не ја скорива тишината,
оти за селидби бовчи одврзувам,
а идам без ѕвонци и прапорци.
Мене не ми требаат галии,
ни чези небесни, ни пајтони,
ниту крилја и пловидби.
Не наоѓам саечи на празнини,
ни жетварки на глуви погачи.
Не среќавам невести на цветници
и не гледам војски на гуслање.
Господ си ги изгубил сите амајлии!
Толку беше зафатен
со демонот на свеста,
та ме распна на бели ѕидови,
како икона без вера и верници,
да бидам ѕверилник на светот!
Во мое име се опиваат
на погреби и помени,
со мене наздравуваат бездомници
кога во срцата ѕидаат вилаети,
а во очите им гаснат аманети.
Ме натоварија со болести и зарази,
оти меѓу човекот и бога
останав последно распетие!
Со борина ме бараат наулничави.
а ме губат низ пожари!
Затоа бдеам над проклетства.

2.

Не потонувај бесмртнице
во психичка гравитација!

Се' додека го слушам твоето рикање,
како во ноќите на Африка,
се' дотогаш ќе мислам
дека сум можел,
а не сум сакал да те ослободам
од анатемите на моштите.

О, бесплотна божице,
не ќе биде запишан
твојот лет кон иднините,
ако тело не ти пришијам!

Ја отворив книгата
за невидливи птици
и те крунисувам за деспот
на моето евангелие.
Да ми бидеш приврзана
до судот и понатаму,
та да летаме како ѕевгар
на бели кочии,
низ времиња и одблесоци,
се' додека трае патот,
се' додека има височини!

3.

Легнавме во мугри румени,
оти без допир не се разденува.

На тело и душа
не им треба постела!

Со кандило ти го откривам
лицето на прозрачноста
што исчезнува низ дишењето.

Никогаш не сум видел
посвечено будење!

Од восхит онемува зората!

Гледам како одлебдуваш
на лаѓа од спомени.

Потомците ти ги чекам
во идните векови!

## СЛОВО ЗА ПЕСНАТА

1.

Во тајни одаи заклучав билки
против секакви болести.
Златните ковчези ги чува
ѕвездочел орел.
Затоа само избрани
ми идат на аџилак.

Врани коњи и ветришта збодињам!
На виделини ќе одвјасам,
родилки да не ми ослепат.

Дом немам, имам губилиште!
Болежливи ве канам на рубаспремање,
да ви облечам антерии
од кротки музи ткаени,
та да се соберат екими и видари,
видовити, вражачи, исцелувачи,
да ви измијат минокери,
од беснило да не ве урочат
оти јас ви ја прекројувам лудоста
Секому според страдањата.

Дом немам, имам губилиште!
За секоја душа гилотина,
за секоја мрша литургија!
Ве посипувам со бериќет,
гладот да не ве мемлоса.

2.

Ако сум утеха за проклетите,
ве проколнувам и вас црнорисци
и ве избавувам од просечност,
оти први ги прочитавте идниниte!

Ви доаѓам како додолка,
да ви ги надождам душите
и да ве куртулам од властољубие!

Ќе се симнам еднаш на чешмите
да ги целивам бардаците.
Ќе израснат пченки до небеса,
лебот да ви се задоми!

Ќе постелам синии на чардаци
да не ви опустат праговите
и огништата да не ви истинат.

Ќе испилам сонца во скутови
и слова ќе посеам во угари,
та да ви прснат дамари
од мераци и жалови.

Алал да ви е дарбата
за слави и претсказанија!

3.

Песно, од бога прворoдена,
научи ме да одам,
чекор по чекор до вечноста,

Научи ме да зборам,
да љубам, да мразам.
научи ме да летам,
замав по замав над ѕвездите.

Песно, од бога возљубена,
кога ми идеш на причеста
не оставај канџи и окови.

О, царице небесна,
разгори ломачи во крвта,
да не ми изгаснат олтари,
И на умирање да ме освојуваш.

Песно, од бога осветена,
кога со тебе сраснувам
вселената во молњи проблеснува.

Светлината ме ослободува
од злоби и гревови,
како на воскрсение,
како на воскрсение!

## СЛОВО ЗА УБАВИНАТА

1.

Боже, нека ми биде престолот
над моќта на разумот!
Грешен да не ми соблазнува.
Дај, превласта да му ја сотрам,
оти доблеста ми е црква
во која силните клечат,
а мудрите се верни шутови.
Затоа ве глодам со искушенија,
и лаежот да ви биде понизен.

Јас сум ропство без пранги,
а имам окови неодоливи.
Во замоци од небесна свила
блажени ве заточувам.
Јас сум ѕуница што стражари
пред големата хармонија на боите.

Светот го посипав
со најсилниот вселенски блесок
и го фрлив во проклетства,
да трча по мене
како по бели соѕвездија.
Затоа, кога венчувам растојанија,
со лудило ви ги заразувам очите.
Во уздите на векот
ве пресвлекувам!

2.

Оттакнав извор до извора,
со златна роса ве миросав,
барем жедни да не остарите.

Гола не признавам богови!
Ним нека им е закон вечноста,
а мене ми е мигот траење
и бавно уништување.
Власта ја споделувам во оргии.

Луѓе, не фаќајте молњи по честари,
ами приберете вили и лопати,
мотики, коси и секири,
истерајте сеништа од тавани,
мори и ѓаволи од гумната,
лоши духови од буништа,
сенки и магии од прагови,
та да ви дојдам на гозби и слави,
и да ви донесам
се' што сте од бога пропуштиле,
и со се' што господ не ве дарувал!

3.

Ако не стигнав ѕвезди да размножам
и на височини порти да исковам,
ако на раѓање молитви распретав
и пред умирање пророштва закопав,
извиши ме убавино среде пустини,
како обелиск за збогување!
Гробница да ми е времето!

Те покајувам во очајание,
оти потомците ќе те осквернат
мртва, пред да те освојат!
Се' штедро ви отворам!
Клуч по клуч до постела!

## СЛОВО ЗА ЉУБОВТА

1.

Сполај ти, боже,
кога пресадуваш семиња
не оставаш горчини.

Ти го спасуваш светот
од пожари, од суши, од бури,
од потопи го спасуваш
од војни, од чуми!
Ти го спасуваш,
а јас го размножувам!

И туѓинци да ме заробат,
на сургун да ме протераат,
пак ќе останам господарка.

И да ме замонашат,
ќе се растурат манастири,
црквишта ќе се урнат до колена,
буни и опсади ќе слезат во постели!

Храмот ми е богат со дарови
и лицето со светлини,
кога расплодувам народи,
орди, стада и племиња,
јата и роеви,
стебла и цветови!
Затоа ве заклучувам со белези.

2.

Кога телата жаросуваат,
како метафори на врвот од песната,
душите ги омајува воскрсение!

О, боже,
не заразувај го светот
со бесполовост,
оти љубовта е најсилна религија!
Ако ја отфрлиме во името на вистината,
и ако без неа дните ги робуваме,
ноќите ги самуваме,
најнесреќни ќе сме
од сите суштества на векот!

3.

Бог се исплаши од моќта
на моите владетелства!
Затоа ме протера од софрите.

Запалив огнови на земјата
да цркнат безгрешните.
Подигнав дворци на погори,
отворив чардаци на меѓите,
светнаа конаците.
На секој покрив месечина!

Заштити ме смртнику
од бесмртност!

4.

Aj, да ми е да навезам
каврак од ѕвездена коприна,
срамот да ти го покријам!

Не заспивај на сокаците,
оти во сонот ти ќе изградам гнездо.
Мајстори да фрлат мистрии.

Не минувај крај црквите,
да не штукнат светците,
да не полудеат камбаните!

Не застанувај на кладенци,
оти ќе пресушат од светлина.
Те заведувам,
да ми бидеш мајдан за домазлак.

Не делби и разделби,
ами рацете да ни станат порти
што ќе сраснат во височини.
Громот ќе те наѕира,
да не ти остане гола дојката!

## СЛОВО ЗА ЖЕНАТА

1.

Никој не ќе ме оспори
во грабежот на ноќите.
Куртули ме боже од сведоштва!
Ниту кула ќе соѕидам,
ниту сон ќе доберам
за владеење.

Тој што ми дарува
прсти за милување,
нека ми прорече прогонство,
оти дојде судот на зорите!
Нека ме мироса
со пирови и свадби!
Нека ме расплоди
по пустини и кражби!
Од се' што ми е судено
не ќе можам да преживеам,
и од убавини не ќе прокопсам.
Душата ме камшикува

2.

Душата ме заболе од тапани.
Мене ме камшикува омразата човекова.
Пред љубовта стасаа клеветства!

Јас сум неблагодарна, непофална, неверна,
несфатлива, несфатена, неизлечива,
нескротлива, безочна, невина.

Јас сум срамежлива,
заљубена, љубоморна, суетна,
раскошна, красноречива, чедна,

Јас сум недофатлива,
властољубива, кавгаџика, нежна,
завидлива, заводлива, злобна.

Јас сум вероломна натрапница,
неодолива, незапирлива, вражја.

Кој наклон ќе ми постела,
а кој крило ќе ми залечи,
кога не сум родена за летање?

3.

Не́ земај ме боже на празник,
оти премногу ќе се сеќаваат на мене,
а никој нема да ми дојде!

Ако господ ме истера,
човекот нов рај ми изгради.
И други бога го излагале!

Ај, да ми е да имам
среќа што ќе те наллета,
да имам коњи впрегнати
во јарем од белези!

Жени од бога да сте прочистени
и од човека прокопсани!

Не сум заспал на извор
од клетви да ве измијам,
оти мечот ми го искршија самовили.

Крај мене, ниту молитва ќе легне,
ниту колено ќе израсне во стебло,
на конак да пладнува.

Крај мене болеста остава товар,
а птиците говор.

4.

Леле, господ слегол во лозјата,
вино не го понудивме!
Жените до капка го испиле.

Заспијте го на лева дојка,
од десната опијте го со ракија!

Барем на соне
да не ви го слуша лелекот.

## СЛОВО ЗА ПРОРОКОТ

1.

Ослободи ме, боже, од пророштва
и избави ме од осама!
Јас сум оној што иде.
Гревот ми е заразен,
а немоќта наследна.
Гледам низ ѕидови,
преку темни ридови,
пред се' што било
и по се' што иде!
Со солзи од слепци лекувам
и во одмазда богословувам.

2.

Видов бело знаме,
како блесок чисто!
Среде знамето колце видов.
Безмилосен чкрипеж на болни,
сакати, слепи, лепрозни, грди.
Вител на луди, омразени, бедни..
Безмерно скалило на лични,
доблесни, кротки, умни и горди,
на силни, богати, смели,
но еднакво несреќни,
безнадежни, чемерни, тажни.
Тагата е кожа распната на нож.

Видов црвено знаме,
густо како пожар!
Среде знамето око видов.

Вруток на безвремена река,
божем во пеколот немало жедни.
Чиниш небесата празни
безлебна погача печат.
На залак до рајот светови гладни.
Вселената е постела од камени житници.

Видов црно знаме,
најблиску до знакот!
Среде знамето видов бунар,
подлабок од темнината на светот.
Безгробен погреб на птици,
грабливи и питоми, појни и неми,
искубани, стари, мршојади, полетарци.
Јато до јато пред голиот круг!
Крило до крило пред вечниот лет!
Болката е звук на крстени води.

3.

Јас сум апостол!
По недогледна празнина одам
и рајот го раскривам —
божјиот ден да се отвори,
чунки на бога ќе му се суди
за безбожништво!
Леле какво совршенство!
Јазикот на светот се расипа.
Бог е мртов,
се родија ѕвездите,
се намножија народите.
Боже ослободи ме од пророштва!

## СЛОВО ЗА СУДБИНАТА

1.

Со златопис ве одбирам,
а ве жигосувам со боголик печат.
Се' што сум запишала
ќе помине низ вашето време.
Она што сум заборавила,
не чекајте да ве круниса.
Многу цареви под круни изгореа.

Во изгревот на писмото
почнува хаосот на светот.
Затоа, ве разделувам
да не посегате по туѓи зареци.

Мојот закон
уште никој не го научил,
а најстрого се спроведува.
Без мене ќе сте како без сенки.
Безлични и безвремени,
патот не ќе го докрајчите,
летот не ќе го долетате.
Ќе талкате по празнини
подолги од векот.

Не одминувам ниту една душа,
па кому како ќе му пресечам.
Од лулка до дупка чемери!
Божјиот ред јас го престројувам,
оти од бога ми е така судено!

2.

Како страшило прелетуваш
над сводот на молитвите.
Низок ти е камшикот,
а високо седлото,
превисоко над нашето мачилиште.

Ни брата познаваш,
ниту чеда храниш.

Судија без родослов не исповеда грешници!

Затоа ни носиш пустини,
а пустоши ни оставаш,
да не се повторува клетвата.

Дај, спаси не'
од лоши таксирати,
та да нема повеќе слепи,
сакати, неми, луди!
Да нема глуви, грбави, грди,
немоќни, несреќни, бедни,
да нема болни и гладни.

Ако си господова,
ослободи не' од кулукот божји
и не враќај не' повторно
во истиот рај!

3.

Во календари и тефтери
ми било пишано
од писмото да не куртулам!
Судбина ли е боже,
гревот да ми е вроден,
а писмото наследно?
Стадото ми остана разлачено.

Народ ли не сум,
та само на рани заспивам,

Народ ли не сум,
та само на суши пладнувам,
а со води заноќувам?

Народ ли не сум,
барем еднаш да залогорам
со сите чеда бележани,
оти белегот им исчезнува?

Потоа, боже, заборави ме.
Веќе навикнав на самувања.

Ако е судбина нека е!

## СЛОВО ЗА СМРТТА

1.

Царство изградив
меѓу љубовта и слободата,
и законачив во дверите
на општата материја.
Затоа, ве омеѓив
во трла од крстови и задушни,
да не пречекорите преку живите,
да не посегнете по видело!
Ноќите ви ги исковав во белегзии.

Стражарите мои дебнат
да ги испразнат стомните на времето.
Ќе ги потпалат гумната,
ќе се кренат чадови до рајот,
ќе започне војната на лебот!
Не ги споредувам жетвите ваши
со мојата жетва.
Жетвата моја е бесконечна.

Моите стражари ќе преживеат
и војни и потопи.

За одмазда им посеав
пустини во душите,
оти се заразија со задгробност.
Немам нафора во пазуви!
Затоа, ве причестувам со магија.

2.

И да си одам напреки,
мене нема кој да ме откопа,
а откопуваат уште на живот
многу поголеми безлебници.

Исповедај ме пред зајдисонце
и не скоривај ме на ранина!

Ќе пладнувам на вршидби,
оти родот ќе ми заспие
во недобистрени реки,
а уште го чекаат сведени,
божици, велигдени, богородици,
ѓурѓовдени, митровдени, водици,
петровдени, илиндени, свети архангели.

Светец по светец осветувам!

Народот да не ми полуде
по пусти лажопојки за бесмртност,
оти уште не довршил
свадби, рожби и крштевки,
закопи, мртвени, постови.

3.

Пустиножителке наша,
толку цркви откопавме,
а редот не ти го откривме!

Аршин по аршин,
радоста ни ја исече.

Не остана разбој негибнат,
не најдовме стреа без тажачки.
Продаваме огништа за задуши!

Толку чеда изродивме,
а ни едно не го одмина.
Строгоста ти е непогрешлива.

О, ти што ја прекројуваш
суетата за бога —
на бога си му непозната!



## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

ИВАН ВАСИЛЕВСКИ е роден на 10. септември 1947 година во с. Босилово-Струмичко. Гимназија завршил во Струмица, а Филозофски факултет – група: Југословенска литература, во Скопје. По професија е новинар. Сега работи како регионален дописник на ТАНЈУГ од Источна Македонија.

„ЦРНОРИСЦИ" му е втора збирка поезија. Првата: „ПРИВЕВ ВО ТИШИНАТА", ја објави во 1977 година, а романсираната биографија: „АНТОН ХЛЕБЕЦ" (1985 и 1986 год.) доживеа три изданија (на српскохрватски, македонски и словенечки јазик).

## БАГОДАРНОСТ

Ова издание материјално и морално го помогнаа:

*ЗЗ „МЛАДОСТ", Струмица* (главен спонзор)
ЗИК „Струмица", Струмица
З.З. „Тромеѓа", Старо Коњарево
Медицински центар, Струмица
З.З. „Партизан", Турново
ДИЈОС, Струмица
Рудник „Огражден", Струмица
З.З. „Југопрогрес", Струмица
„Јака", Радовиш
„Агропромет", Струмица
Печатница „Ацо Караманов", Радовиш
З.З. „Македонка", Дабиле
„Грозд", Струмица
З.З. „Јане Сандански", Муртино
„Југопромет", Струмица
„Житострумица", Струмица
СИЗ за физичка култура, Струмица
„Комуналец", Струмица
„Борис Кидрич". Струмица
МЗ „Тито", Струмица
Генекс-инженеринг, Струмица
Стопанска банка, Радовиш
Рудник „Бучим", Радовиш
„Трgоснабдител", Радовиш
Предилница „Југотекс", Струмица
З.З. „Карбино", Струмица
КД „Фруктус", Загреб-Претставништво Струмица

Авторот на книгата најсрдечно им се заблагодарува на овие колективи за драгоцената помош и разбирањето.

## СОДРЖИНА

Моќта на молитвата — — — 5

МОЛИТВИ — — — — — 9

Молитва за дарбата — — — 11
Молитва за Климента — — — 12
Молитва за Силјан Штркот — — 14
Молитва за Самоиловите војници — 15
Молитва за Марко Крале — — 16
Молитва за Болен Дојчин — — 17
Молитва за Гоце Делчев — — 18
Молитва за Крушевската Република — 19
Молитва за моќта — — — 20
Молитва за претпазливоста — — 21
Молитва за младоста — — — 22
Молитва за надежта — — — 23

СЕМЕ И ВРЕМЕ — — — — 25

Слово за словото — — — — 27
Слово за вечноста — — — — 30
Слово за вселената — — — 32
Слово за слободата — — — 34
Слово за душата — — — — 37
Слово за песната — — — — 40
Слово за убавината — — — 43
Слово за љубовта — — — — 45
Слово за жената — — — — 48
Слово за пророкот — — — — 51
Слово за судбината — — — 53
Слово за смртта — — — — 56

Белешка за авторот — — — 59
Благодарност — — — — 60

Иван Василевски: ЦРНОРИСЦИ; рецензент: Санде Стојчевски; нацрт на корицата: Марјан Пецев; технички уредник: Илија Стоев; Издавач: Центар за радио и новинско-издавачка дејност — Струмица; Печатено во Печатницата „Теодосие Синаитски" Скопје, ноември 1990 год. Тираж: 3.000 примероци.